*Ваљон Круезиу*

# ***Р е џ е п З а ј а з и (1919-1995) - ветеран на албанската народна песна од кичевскиот регион***

Една од најзначајните карактеристики на албанскиот музички фолклор е неговата хетерогеност која што произлегува од локалните културни разлики помеѓу разните региони на Балканот населени со Албанци. Според тоа, оваа хетерогеност е карактеристика и на музичката фолклорна традиција на Албанците во Република Македонија. Иако се работи за релативно мал географски простор кој што се простира на северозападниот дел од државата, сепак, воочливи се разликите во однос на мелосот, начинот на изведбата, инструментариумот, изведувачкиот состав, содржината на песните, говорното наречје и многу други специфики кои што даваат посебен белег на музичкиот фолклор од одредено подрачје.

Кичевскиот регион е едно од подрачјата кое што се издвојува со своите специфики на полето на музичкиот фолклор и тоа особено преку машкото полифоно вокално пеење кое што е уникатно и карактеристично за тој крај. Во основа, се работи за диафоно пеење (Pllana, 1979) при што едниот глас ја пее водечката мелодија додека другиот е бурдонски глас. Иако полифоното вокално пеење кај Албанците е претежно карактеристика на Тоските, во Македонија, тоа се среќава и кај Гегите од кичевскиот регион, особено во пределот на Зајас и во некои делови од полошкиот регион (Antoni, 1972). За разлика од кичевското диафоно пеење, вокалната полифонија на Тоските од преспанскиот регион и од југозападните струшки села се разликува во однос на модусите, мелосот и мелизмите, но и во однос на бројот на гласови при што кај нив, покрај диафоното, често пати се среќава и трогласно и четиригласно пеење. Се претпоставува дека географската блискост на овие предели, имала клучна улога во развојот на полифоното вокално пеење кај Гегите од кичевско и околината (Shupo, 1997), што не е својствено за припадниците на ова говорно наречје во другите предели.

Со кичевското вокално пеење и песните од тој крај, тесно е поврзано името на познатиот вокален изведувач, Реџеп Зајази. Кај поголемиот дел од албанската

популација во Република Македонија, особено од постарата генерација, неговото име буди спомени на еден од ретките вокални солисти кој што со своето делување оставил свој печат во албанската фолклорна традиција. Тој, низ целиот свој животен век, со голема посветеност и ентузијазам ја претставувал традиционалната албанска песна од кичевскиот крај во земјава и во странство, преку бројните настапи, концерти и снимки на радио и телевизија. Долги години, делувал и во рамките на неколку културно-уметнички друштва и ансамбли како што се: “Владо Тасевски”, “Емин Дураку” и “Орце Николов”. Според познатиот музички деец, неговиот современик Суреја Имами, тој е и еден од основоположниците на КУД “Емин Дураку” од Скопје во 1948 година, иако во монографијата издадена по повод 50-годишнината на друштвото, неговото име не е спомнато во основачкиот одбор.

Современик е на познатите македонски пејачи на народна музика од тоа време Никола Бадев, Александар Сариевски, Никола Автовски, Васка Илиева, Нина Спирова итн.

Реџеп Зајази е роден во селото Зајас во кичевско во 1919 година. Во неговото семејство, тој бил син единец, така да ја имал таа привилегија да биде растеретен од работите својствени за тогашниот селски живот, при што имал време и можност да се посвети на пеењето уште од млади години. Негова најголема инспирација во пеењето бил тогашниот прочуен пејач од тој крај, Камбер Блаца, кого што тој имал прилика често да го слуша на разни седенки, свадби и свечености кои што се одвивале во таа околина. Според зборовите на Реџеп Зајази, тој бил извонреден изведувач на традиционалните песни од кичевскиот регион и воедно е и најстариот изведувач чиј што идентитет е познат помеѓу луѓето од тој крај. После него, традицијата на изведба на овие песни ја продолжува Абедин Ајвази со неговите браќа за да потоа, таа се пренесе на Реџеп Зајази како представник на третата генерација на пејачи, кој што истовремено е и првиот изведувач што снимил голем број од овие песни. Неговите снимки се од големо значење, особено ако се има во предвид дека во денешни услови, под влијание на забрзаниот економски и технолошки развој, народната културна традиција сé повеќе се напушта и од ден на ден се зголемува опасноста да се изгуби трага, делумно или целосно на многу традиционални фолклорни богатства од нашето поднебје.



***Реџеп Зајази***

Како солист, се издвојувал со неговиот рафиниран глас со прекрасен тембр и јак волумен кој што во комбинација со една префинета изведба полна со емоции, давал посебен шарм на песните. Особено се истакнувал во изведбата на мелизмите кои што тој со неговата голема креативеност, ги развил до степен на едно ненадминливо совршенство. Во една документарна емисија снимена во јуни, 2004 година од страна на косовската телевизија РТК, некои од неговите современици кои дотогаш сеуште биле живи, за него велат дека бил човек кој што уживал голем авторитет и углед во својата средина. Секогаш весел и безрезервно посветен на пеењето, во секоја прилика подготвен да запее без многу двоумење.Од многуте искази за него во горе наведената емисија, би ги издвоиле следните:

*Беќир Беќири од Зајас:*

“...Кога тој пееше, не пееше само со неговиот глас туку со целото свое битие. Во тој занес, се чинеше дека во него пеат сите пори од неговото тело...”

*Суреја Имами од Скопје:*

“...Реџеп Зајази е великан на албанската песна во Република Македонија. Тој со својата песна го одржа во живот традиционалнато кичевско пеење во неговата оригинална форма, збогатено дури и со инструментална придружба...”

Професионално започнал да се занимава со музика во 1946 година, по самото негово доаѓање во Скопје каде што и останал до крајот на својот живот. Во рамките на својата пејачка кариера имал многу настапи и концерти во повеќе градови од

поранешната СФРЈ како што се: Љубљана, Нови Сад, Опатија, Ријека, Прилеп, Скопје, Митровица и Приштина. Како член на горе споменатите културно-уметнички друштва, често настапувал и во странство и тоа во: Франција, Австрија, Полска и Чешка. Негово најголемо достигнување во рамките на овие настапи е добивањето на наградата "Златен ѓердан" во Дижон-Франција во 1959 година како член на КУД "Владо Тасевски" од Скопје. Како вокален солист, бил посветен исклучиво на песните од неговиот роден крај при што во сите свои настапи ги изведувал само традиционалните песни од кичевскиот регион. Според неговите претпоставки кои што ги наведува во една телевизиска емисија снимена во 80-те години, овие песни се пеат некаде околу триста години station наназад во тој крај. Иако не знаеме колкава е веродостојноста на оваа претпоставка, со сигурност може да се каже дека се работи за песни кои што влечат длабоки корени од народната традиција од тој регион и имаат свој историски пат до денешно време кој што за жал, сеуште не е доволно истражуван и расветлен.




***Дижон - 1959 година (Реџеп Зајази - на средина со знамето)***

Песните од кичевскиот крај, се одликуваат со нивниот специфичен мелос основан врз карактеристичните модуси својствени за ова пеење и мелодијата богата со многу мелизми. Тие најмногу доаѓаат до израз во епските песни кои што се пеат *рубато* при што ѝ даваат една посебна убавина на изведбата. Во однос на фактурата тие претежно спаѓаат во типот на таканаречената бурдонска диафонија и речиси не

постои ниту една песна без делумна или целосна придружба на бурдонот (Antoni, 1972). Меѓутоа, често пати има и мали отстапувања кои што настанале како резултат на моменталната инспирација и креативноста на народните изведувачи.

Во односот водечки глас-бурдон, водечкиот глас ја развива мелодијата и тоа најчесто во опсег до интервалот квинта додека поретко оди и до поголеми интервали, за да на крај се врати во тоналниот центар каде што е речиси цело време бурдонскиот глас. Во посложените песни, често се случува бурдонот повремено да се симне за секунда подолу и на крај на одредена фраза или строфа, да се врати во тоналниот центар при што заедно со водечкиот глас се наоѓаат во унисоно (Antoni, 1972). На почетокот, кај некои песни, прво започнува горниот глас, а потоа се придружува бурдонот после првиот или вториот такт додека во некои од песните, двата гласа започнуваат заедно. За разлика од почетокот, на крајот, речиси без исклучок, водечкиот глас и бурдонот завршуваат секогаш во унисоно. Се разбира, кога се пее со придружба на бурдон, тој треба да се изведува минимум од двајца изведувачи за да не дојде до прекин кога едниот од нив зема воздух. Од таа причина, овие песни се изведуваат најчесто во трио при што водечкиот глас е во соло изведба додека бурдонот го држат двајца изведувачи.

Оваа неформално востановена практика на изведбата на песните во трио ја применувал и Реџеп Зајази во своите изведби и настапи. Затоа, често пати во снимките на неговите песни, покрај неговото име, го среќаваме и името "Трио Зајази". Тоа е името на составот кој што тој го оформил во 1946 година, по неговото доаѓање во Скопје. Во овој состав, тој секогаш ја имал улогата на солист додека другите двајца членови го придружувале пеејќи го бурдонскиот глас. Во првичниот состав на триото, покрај Реџеп Зајази, членувале и Гани Груби - познат пејач на народна музика од втората половина на 20 век и Наџи Ндоци кој што во тоа време се занимавал со музика, а подоцна се посветил на новинарството и публицистиката. Покрај нив, во триото, подоцна членувале и Иса Красниќи и Ќемал Лила, а понекогаш, како негови придружници во триото се јавуваат и неговите синови Тахир Зајази (наш информатор за овој труд) и Ќемал Зајази. Неретко се случувало, на концертите каде што настапувал во рамките на македонските културно-уметнички друштва, да го придружуваат и гореспоменатите познати македонски пејачи од тоа

време. Трио Зајази, со тек на времето станува синоним на неговиот уметнички пат преку кој, Реџеп Зајази се идентификува до крајот на својата пеачка кариера.

Улогата на Реџеп Зајази, освен во зачувувањето и продолжувањето на оваа традиција, е многу значајна и во прилагодувањето на овие народни песни на современите услови на живеење, односно нивната модернизација преку надополнување на дотогаш исклучиво вокалната изведба на песните со инструментална придружба. Еден од синовите на Реџеп Зајази тоа го објаснува со следните зборови: “Кога за прв пат дојдов во Скопје и го видов татко ми како ги пее народните песни со оркестарска придружба, ми се стори дека сето тоа е малку невкусно затоа што бев навикнат да ги слушам тие песни исклучиво во вокална изведба. Меѓутоа, подоцна кога се навикнав да ги слушам во инструментална придружба, сфатив дека се работи за позитивен процес на нивно збогатување и зголемување на нивната вредност”.

Во негова активност во процесот на модернизација на песните, тој како самоук музичар, соработувал и имал голема подршка од водечкиот косовски етномузиколог на 20 век - Лоренц Антони. Исто така од голема помош му биле и инструкциите и советите на познатиот косовски композитор и долгогодишен водач на разни народни оркестри и ансамбли - Фахри Беќири. Како што подоцна раскажува неговиот син, Реџеп Зајази во секое време бил спремен да отиде до Приштина за да побара помош од гореспоменатите музиколози во врска со аранжманите, изведбата, инструменталниот состав и други детали поврзани со прилагодувањето на овие првенствено вокални песни на една вокално-инструментална изведба.

Речиси сите снимки на изведбите на Реџеп Зајази се со инструментална придружба. Тие се направени во тоа време или во тогашната Радио Телевизија Скопје во Македонија или пак во Радио Телевизија Приштина во Косово. Забележлива е разликата помеѓу снимките направени во Македонија и оние во Косово затоа што овие првите имаат призвук близок до македонскиот фолклор. Причина за тоа е што во рамките на Телевизија Скопје немало професионален албански оркестар така да неизбежно било снимките да се направат со постоечкиот оркестар кој што изведувал македонска музика. Затоа, во нив се чувствува влијанието како на инструментариумот така и на интерпретациските карактеристики на изведувачите.

Ова е еден од ретките примери на една карактеристична симбиоза на фолклорни елементи од албанскиот и македонскиот фолклор. Во однос на инструментариумот, овде имаме замена на традиционалниот албански инструмент чифтелија со тамбура и на дајрето кое што најчесто се користи во албанскиот фолклор, со тарабука или тапан.

Некои снимки се направени и со тогаш реномираниот оркестар на Стево Теодосиевски и тоа се верзиите на песните:

1. Po t'baj rixha moj çiko
(http://www2.cruzio.com/~gypsy/gv/GV_2002_07_26.html)

2. Në bafçe na ka ra bryma
(http://www2.cruzio.com/~gypsy/gv/GV_1999_12_31.html)

3. Shtatë bylbylat
(http://www2.cruzio.com/~gypsy/gv/GV_2000_01_07.html)

4. Shala dul në kodër
(http://www2.cruzio.com/~gypsy/gv/GV_2000_05_26.html)

Овде пак, песните имаат еден сосема поинаков призвук затоа што за разлика од поголемиот број на снимки кои што се направени со оркестри на народни инструменти, во овој случај се работи за оркестар составен од современи инструменти (кларинет, армоника, контрабас и сл.).

Сите варијанти на снимените песни се карактеристични секоја со своите специфики. Додавањето на инструменталната придружба, го наметнува и прашањето на метарот. Ако претходно, кога се пееле a cappella, имало една поголема слобода во однос на ритамот, овде веќе песните се ставаат во одредени метро-ритмички рамки. Според тоа, најчесто се среќаваат 2/4, 4/4, 5/8, 7/8 и 12/8 такт и други посложени ритмички комбинации како што се 7/8 + 5/8, 7/8+5/8+7/8 и други. Кај песните кои што се пеат во ритам, мелизмите, најчесто доаѓаат до израз на крајот на строфата или рефренот, при што се додаваат по еден или два такта во продолжение само за да може изведувачот да ги покаже своите интерпретациски способности преку нивната изведба.

Денес, снимките на Реџеп Зајази може да се најдат единствено во архивите на МРТВ и на Косовската Телевизија и евентуално во некоја домашна колекција. За среќа, некои од неговите песни, може да се најдат и на интернет и тоа на следните линкови:

http://www.jamba.de/jcw/goto/music/album/albumid-6590452
http://www.emusic.com/album/10886/10886518.html
http://zajazi-trio.omg-music.com
http://www.rhapsody.com/zajazitrio/feeds.html

Со смртта на великанот на кичевското вокално пеење, Реџеп Зајази во 1995 година во Скопје, традицијата на пеењето на овие песни, постепено почнува да замира. После него, како наследници на оваа традиција во тој крај се јавуваат браќата Азиз и Дервиш Дервиши кои што за жал, во однос на изведувачките способности, не се на исто рамниште со нивниот претходник. Тие се можеби и последните изведувачи на овие песни кои што сеуште се обидуваат да ја сочуваат традицијата.

Затоа, сосема на крај ќе го цитираме синот на Реџеп Зајази кој што во една прилика вели:

"...Почина Реџеп Зајази, замре и песната во нашето семејство..." и ќе си дозволиме да додадеме ..."и во кичевскиот крај".

## **Б и б л и о г р а ф и ј а**


Antoni, Lorenc. 1972. "Trajtat polifonike të muzikës popullore vokale të gegëve në Jugosllavi" in *Gjurmime Albanologjike-Folklor dhe Etnologji II*. Çeta Anton (ed.)

Daut Dauti (ed.). 1998. Monografi-50 vjet "Emin Duraku". Shkup: NGB Shkupi.

Kruta, Benjamin. 1991. "Burdoni-isua në polifoninë shqiptare dhe disa çështje të gjenezës" in *Kultura popullore*, No. 1

Kruta, Benjamin. 1997. "Vendi i polifonisë shqiptare në polifoninë e Ballkanit" in *Çështje të folklorit shqiptar*, No. 5

Pllana Shefqet. 1979. "Das Albanische Volkslied in Kosovo" in *JSTOR International Review of the Aesthetics and Sociology of Music*, Vol. 10, No. 2, pp. 215-236

Shituni, Spiro. 1997. "Dialektet kryesore të polifonisë popullore shqiptare" in *Çështje të folklorit shqiptar*, No. 5

Shupo, Sokol. 1997. *Folklori muzikor shqiptar*. Tiranë: Botimet Enciklopedike

Sugarman, Jane C. 1997. *Engendering Song*. Chicago/London: The University of Chicago Press

Tole, Vasil. 1999. *Folklori muzikor-Polifonia shqiptare I*. Tiranë: SHBLU